**20111493267**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ
НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија"број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011), а во врска со член 11-а од Правилникот утврдување на постапката за определување на месечниот износ на средства кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот (број 33/2010, 44/2010, 65/20101, 127/2010, 33/2011 год. ), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2011, донесе

**ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СКАПИ ЛЕКОВИ ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ШТО СЕ ИЗДАВААТ НА РЕЦЕПТ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

Член 1

Како скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување а се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита, во смисла на Правилникот утврдување на постапката за определување на месечниот износ на средства кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот, се утврдуваат следните лекови:

| | АТЦ код | Генеричко име-INN | Фармацевтска дозажна форма | Јачина |
|---|---|---|---|---|
| 1 | G03HA01 | Cyproterone | Таблети | 50mg |
| 2 | H01BA02 | Desmopressin | Таблети | СРЈ |
| 3 | J05AB04 | Ribavirin | СРФ | СРЈ |
| 4 | J05AF05 | Lamivudine | Таблети/Филм обложени таблети | 100mg |
| 5 | L04AA01 | Ciclosporin | Капсули | 25mg |
| 6 | L04AA01 | Ciclosporin | Капсули | 100mg |
| 7 | L04AA01 | Ciclosporin | Капсули | 50mg |
| 8 | L04AA01 | Ciclosporin | Раствор за орална употреба | 100mg/ml |
| 9 | L04AA05 | Tacrolimus | Капсули | 1mg |
| 10 | L04AA06 | Mycophenolic acid | Капсули | 250mg |
| 11 | L04AA06 | Mycophenolic acid | Таблети/Филм обложени таблети | 500mg |
| 12 | L04AA06 | Mycophenolic acid | Таблети/Филм обложени таблети | 180mg |
| 13 | L04AA06 | Mycophenolic acid | Таблети/Филм обложени таблети | 360mg |
| 14 | M05BA02 | Clodronic acid | Капсули | 400 mg |
| 15 | M05BA02 | Clodronic acid | Филм обложени таблети | 800 mg |
| 16 | N02AA01 | Morphine | Подјазични таблети | 20mg |

Член 2

Здравствените установи аптеки се должни да ги фактурираат реализираните рецепти за лековите од член 1 на оваа одлука во посебна спецификација од фактурата за Фондот.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.11.2011 година.

Со денот на отпочнувањето на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија што се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита под бр.02-4320/7 од 24.03.2010 година.

Број 02-15600/11
10 октомври 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Јован Грповски**,с.р